РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (ИЗИИС) - Скопје

ул. Тодор Александров бр. 165, П.Фах 101,
1000 Скопје, Република Северна Македонија

www. iziis.ukim.edu.mk

07.02.2024
09-255/1

Универзитет Св. “Кирил и Методиј” во Скопје
Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија - Скопје
распишува

# К О Н К У Р С
## За стипендирање на студенти на втор циклус на студии на УКИМ-ИЗИИС во учебната 2023/2024 година

Конкурсот е наменет за студентите запишани на втор циклус на студии на студиските програми во УКИМ-ИЗИИС во учебната 2023/2024 г, кои имаат државјанство на РС Македонија и среден успех од прв циклус на студии поголем од 8.00.

Стипендијата која се доделува е во висина на трошоците за студирање на вториот циклус утврдени во Конкурс за запишување студенти во втор циклус студии во учебната 2023/2024 година, објавен од страна на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Студентот корисник на оваа стипендија треба да ги заврши студиите и да ја одбрани магистерската теза во рок од 6 месеци по завршувањето на студиската програма на која е запишан, со среден просек од положените предмети поголем од 9.0. Во спротивно студентот треба да ја врати стипендијата, односно да ги плати трошоците за студирање согласно објавениот конкурс за упис.

Конкурсот е отворен до 14.02.2024г. година. Заинтересираните кандидати треба да ги доставаат наведените потребни документи:

- мотивациско писмо
- државјанство на РСМ
- среден просек од прв циклус на студирање

Документите да се достават во електронска форма на емаил адреса student@iziis.ukim.edu.mk (со назнака “пријава за стипендирање за втор циклус “), најдоцна до 14.02.2024г., до 15:00 часот.

Проф. д-р Влатко Шешов
Директор